**ОПШТИНА ВЕЛЕС**



# *ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНИ РАСПРАВИ ПО НАЦРТ-ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2014 ГОДИНА*

Во организација на Општина Велес на 24.10.2013 година, во големата сала на Општина Велес се одржаа јавни расправи за програмите за активностите на Општина Велес во 2014 година.

На јавните расправи на кои присуствуваа вкупно 100 лица беа разгледани следните Нацрт-програми:

• За уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2014 година.
• За изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на културата во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2014г.
• За активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2014година.
• За активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2014 година.
• За активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународната соработка во 2014 година.

## I. ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ-ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА , ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА,ОПШТИНСКИ УСТАНОВИ,ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ, ФОНДАЦИИ И ГРАЃАНИ

На Јавната расправа која се одржа на 24 октомври, со почеток во 16:30 часот присуствуваа 59 лица.

| | |
|---|---|
| Членови на Советот на Општина Велес | 8 |
| Претставници на НВО | 11 |
| Претставници на институции | 33 |
| Претставници на општинска администрација | 7 |
| **Вкупно** | **59** |




Проекцијата на Нацрт-програмите за активностите на општината во следната 2014 година ја преставија Градоначалникот М-р Славчо Чадиев и службениците на општинската администрација. По програмите дискутираа присутните учесници на расправата, но изнесоа и свои предлози кои не беа опфатени во нацрт- документите.

Учесниците на јавната расправа ги дадоа следните предлози по одделни Нацрт- програми:

1. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2014 година**

| | |
|---|---|
| **Граѓанин** | Барање реконструкција на улицата „Орце Мартинов“ да биде составен дел на програмата |

2. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2014година.**

| | |
|---|---|
| **Светлана Петрова**<br>**Фондација „Ангел Петров“** | Поголемо искористување на ликовниот салон и обезбедување на двократна работа со поддршка од Програмата |
| **Миле Маџаров**<br>**ОО на Црвен Крст** | Доставен предлог за вклучување на активности на Општинската организација на Црвениот Крст во Програмата за 2014 година. |
| **Нада Алексовска**<br>**Клуб на писатели „Кочо Рацин“** | Предлог за продолжување на поддршката на активностите на клубот и во 2014 година преку Програмата за култура |

3. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2014 година.**

| | |
|---|---|
| **Робертино Васков**<br>**ЗГ „Обезбеди Живот“** | Барање за можност за вклучување на активностите на здружението во Програмата по истекот на рокот за аплицирање на проектни активности и идеи. |

## II. ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ-ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ, ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ОПШТИНСКИ УСТАНОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ, ФОНДАЦИИ И ГРАЃАНИ

На Јавната расправа која се одржа на 24 октомври, со почеток во 18:30 часот присуствуваа 41 лице.

| | |
|---|---|
| Членови на Советот на Општина Велес | 15 |
| Претставници на УЗ | 11 |
| Претставници на МЗ | 5 |
| граѓани | 3 |
| Претставници на општинска администрација | 7 |
| **Вкупно** | **41** |



1. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2014 година**

| | |
|---|---|
| **МЗ „Оризари“** | Предлози за<br>-изградба на канализација во Горно Оризари<br>-Вработување на лице кое ќе го одржува системот<br>- Проширување на патот |

2. **Нацрт-програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2014 година**.

| | |
|---|---|
| **МЗ „Новачани“** | Да се предвиди урбанистички план за ова населено место за да можат да се урбанизираат постојните објекти. |

**3.Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2014 година.**

| | |
|---|---|
| **УЗ „Васа Кошулчева“** | Поставување на жичана ограда на мовчето кон Битолска пруга поради постојната депонија.<br><br>Разгледување на можностите за ревитализација на пазарот во Нова населба |
| **МЗ „Сујаклари“** | Да се превенираат проблеми со изградба на свињарска фарма на патот Сујаклари-Кумарино |
| **МЗ „Оризари“** | Поставување на поголем број канти за отпадоци<br><br>Дислокација на депонијата<br><br>Пошумување во атарот на Горно Оризари |
| **МЗ „Отовица“** | Решавање на проблемот со фекалната канализација |

**4.Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2014 година.**

| | |
|---|---|
| **Игор Мицевски Боречки Клуб** | Барање за поддршка на организацијата на меморијален турнир |
| **Кајак Клуб „Гемиџии“** | Барање за средства за поддршка на меѓународни натпревари |

**5.Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2014 година.**

| | |
|---|---|
| **УЗ „Алексо Демниевски“** | Барање за средства за тековно одржување на урбаните и месните заедници |
| **МЗ „Отовица“**<br><br>**МЗ „Сујаклари“** | Барање за поддршка во подмирувањето на сметките за комуналии за просториите на УЗ и МЗ |
| **МЗ „Оризари“** | Завршување на правната процедура за легализација на зградата на училиштето во Горно Оризари |

**5.Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2014 година.**

| | |
|---|---|
| **Кајакарски клуб „Гемиџии“** | Вклучување на клубот во активностите на општината во акциите за спасување на граѓани во случај на поплави<br><br>Обезбедување на пловило за оваа намена |

**На јавната расправа претставник на МЗ „Клуковец“ предложи замена на приоритетот за изградба на фекална канализација со реконструкција на подрачното училиштето.**

**Во рамките на буџетските можности, предлозите на учесниците во јавните расправи се вградени во предлог верзиите на Програмите за активностите на Општина Велес во 2014 година.**

Изготвиле: МП/ЈС Велес, 25.10.2013